**Известување за концентрација со која А1 Србија ДОО Белград, Србија, ќе стекна контрола врз ДЕКС д.о.о. Белград, Србија**
**(предмет бр. 08-69/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 06.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која А1 Србија ДОО Белград со регистрирано седиште на ул.Милутин Миланковиќ 1ж, 11070 Нов Белград, Србија, има намера да стекне единствената контрола над ДЕКС д.о.о. Белград (*DEX d.o.o.Beograd*) Змајева 12в, 11080 Земун, Белград, Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

А1 Србија д.о.о. Белград е дел од Групацијата А1 Телеком Австрија (*A1 Telekom Austria Group*) и е индиректно во сопственост на Телеком Австрија АГ (*Telekom Austria AG*), акционерско друштво, со регистрирано седиште на адреса Ласалештрасе 9, 1020 Виена, Австрија. Телеком Австрија АГ е холдинг компанија, која не нуди никакви услуги. Бизнис портфолиото на Групацијата А1 Телеком Австрија се состои од активности во областа на гласовна телефонија, широкопојасен интернет пристап, мултимедијални услуги, податоци и ИТ решенија.

Групацијата А1 Телеком Австрија е присутна во Северна Македонија преку:

- А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со матичен број 7068310, со регистрирано седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, кое е активно во дејности за жичени, безжчени и сателитски телекомуникациски дејности;

- ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје со матичен број 6247296, со регистрирано седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, кое е активно во дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма; и

- ЛИНВОРКС ДООЕЛ Скопје со матичен број 7556381, со регистрирано седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, кое е активно во областа на компјутерско програмирање.

Групацијата А1 Телеком Австрија индиректно генерираше промет во Северна Македонија.

ДЕКС д.о.о. Белград е со главни дејности компјутерско програмирање. ДЕКС д.о.о. Белград нуди прилагодени услуги и се фокусира на развој на иновативни софтверски решенија и автоматизација на бизнис процесите. Во последните три децении, ДЕКС д.о.о. Белград развива информациски системи за бројни компании, банки и институции во Централна и Југоисточна Европа. Овие активности се ограничени на територијата на Србија и балканските земји; сепак, ДЕКС д.о.о. Белград нема никакви активности на територијата на Северна Македонија и не остварило промет во Северна Македонија.

За целите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како: **пазар за дистрибуција на ИТ услуги**, кој вклучува неколку видови услуги: управување со ИТ (аутсорсинг на инфраструктура и/или

апликации), консултантски услуги, оперативна поддршка, апликации и испорака а релевантниот географски пазар да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

08.04.2026 година

Скопје